**20262123327**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РЕГИСТАР НА ЗАДОЛЖИТЕЛНО СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ

Се прогласува Законот за изменување на Законот за Регистар на задолжително социјално осигурување,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 3 септември 2026 година.

Бр. 08-5477/1
3 септември 2026 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска Давкова,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РЕГИСТАР НА ЗАДОЛЖИТЕЛНО СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ

Член 1

Во Законот за Регистар на задолжително социјално осигурување („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 209/23 и 13/26), членот 13 се менува и гласи:

„(1) Со работата на Управата раководи директор, кој го именува и го разрешува Владата на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Владата), на предлог на министерот со мандат од пет години и право на уште еден последователен избор.

(2) Директорот се именува во отворена, фер и транспарентна постапка во која се избира најдобриот кандидат кој ги исполнува условите.

(3) За именување на директор се спроведува постапка согласно со Законот за високи раководители.

(4) Директорот за својата работа и работата на Управата е одговорен пред Владата и пред министерот.

(5) За директор може да биде именувано лице кое ги исполнува условите за именување на директор утврдени со Законот за високи раководители.

(6) Директорот со решение е должен да овласти раководен административен службеник кој го заменува во случај на негово отсуство.

(7) Овластениот раководен административен службеник од ставот (6) на овој член го води тековното работење на Управата во случај на отсуство на директорот.“.

Член 2

Членот 15 се менува и гласи:

„(1) На директорот на Управата мандатот му престанува со истекот на мандатот, а пред истекот на мандатот се разрешува и мандатот му престанува по сила на закон согласно со Законот за високи раководители.

(2) Покрај случаите од ставот (1) на овој член, директорот на Управата може да биде разрешен и ако не е усвоен полугодишниот или годишниот извештај за работата на Управата поради нереализирани цели утврдени во годишниот план за работа од членот 10 став (1) од овој закон.

(3) Владата може да го разреши директорот на Управата пред истекот на мандатот по сопствена иницијатива или на предлог на министерот, согласно со Законот за високи раководители.

(4) Во случај на предвремен престанок на мандатот или поради разрешување на директорот Владата, доколку не е именуван нов директор, именува вршител на должност директор согласно со Законот за високи раководители, за период до именување на нов директор, но не за период подолг од шест месеци.“.

Член 3

Директорот именувани до денот на започнувањето со примената на овој закон продолжува да ја врши функцијата до истекот на мандатот за кој е именуван.

Член 4

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе започне да се применува од 1 октомври 2026 година.